## ПРЕДЛОГ-ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за надворешни работи |
| Назив на предлоготна закон: | Предлог Закон за рестириктивни мерки |
| Одговорно лице и контакт информации: | Рамадан Назифи<br>Ramadan.Nazifi@mfa.gov.mk<br><br>Анета Ѓорческа<br>ang@ufr.gov.mk<br><br>Марија Ангеловска Стојановска<br>mas@ufr.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлоготна закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☒НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | нема |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 5 септември 2017 г. |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот доМинистерството за информатичко општество и администрација: | 26 септември 2017 г. |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 13 октомври 2017 г. |
| Рок за доставување на предлоготна закон до Генералниот секретаријат | Првата половина на октомври месец 2017 |

**1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот**

### *1.1 Опис на состојбите*

Законот за меѓународни рестриктивни мерки (Службен весник на РМ бр. 36 од 23.03.2011 год.). го уредува воведувањето, примената и престанокот на важење на рестриктивните мерки , надлежноста на одделни органи на државната управа, координацијата и следењето на спроведувањето на рестриктивните мерки, евиденцијата на воведените и спроведени рестриктивни мерки во РМ.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Во моментално важечкиот Закон за меѓународни рестриктивни мерки не постои усогласеност со релевантните меѓународни препораки (ФАТФ стандарди) и резолуции на ООН и заради тоа Р.Македонија има негативна оценка од страна на Комитетот MONEYVAL во рамки на 4-от круг на евалуација на системот на Р.Македонија за борба против тероризам и финансирање на тероризам (усвоен во 2014 година). Поради оваа неусогласеност, Р.Македонија е задолжена со рок од страна на комитетот Moneyval, новиот закон за рестриктивни мерки да се усвои најдоцна до крајот на месец ноември 2017 година, во спротивно ќе бидат преземени мерки на засилен мониторинг.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на усвојувањето на овој Закон е усогласување со релевантните меѓународни препораки (ФАТФ стандарди) и резолуции на ООН, како и исполнување на обврската која комитетот MONEYVAL ја има поставено на Р.Македонија и добивање на позитивна оценка од страна на Комитетот MONEYVALновиот закон за рестриктивни мерки да се усвои најдоцна до крајот на месец ноември 2017 година и да се добие позитивна оценка во рамки на 5-от круг на евалуација на системот на Р.Македонија за борба против тероризам и финансирање на тероризам кој ќе се спроведе во 2019 година.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку не се усвои Предлог Законот за рестриктивни мерки, Република Македонија ќе биде негативно оценета од страна на комитетот Moneyvalна пленарниот состанок на овој комитет кој ќе се одржи на почетокот на декември 2017 година и ќе се преземат одредени мерки на притисок врз Р.Македонија согласно механизмите кои се на располагање на комитетот.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Во предлог законот се дефинирани видовите на рестриктивни мерки, и тоа:

- ембарго на стоки и услуги;

- ембарго на оружје;
- забрана за влез во Република Македонија;
- финансиски мерки и
- други мерки согласно меѓународното право.

Исто така се дефинира дека резолуциите на Советот за безбедност на Обединетите Нациии со кои се воведуваат рестриктивни мерки веднаш по нивното усвојување, а најдоцна во рок од 24 часа од усвојувањето се објавуваат на интернет страната на Министерство за надворешни работи и се применуваат од моментот на нивното објавување од страна на Министерството за надворешни работи, што е една од новините во предлог законот. Согласно предлог законот, одлука за воведување, изменување и престанување на важење на рестриктивните мерки донесува Владата на РМ. Во предлог законот се регулира во кои случаи и на предлог на кои надлежни органи Владата донесува одлука за воведување, изменување и престанување на важење на рестриктивните мерки. Една од новините во предлог законот е можноста Владата да донесе одлука за доставување барање за воведување, изменување и престанување на важење на рестриктивни мерки до надлежен орган на друга држава, до надлежна институција на Европската унија или до Советот за безбедност на Обединетите нациии. Значајна новина во овој предлог закон е што Владата на Република Македонија може да донесе одлука за воведување на финансиски рестриктивни мерки кон определени лица и врз основа на барање на трети земји.

Во предлог законот се определува надлежност за Управата за финансиско разузнавање да води ажурирана консолидирана листа на определени лица кон кои се воведени финансиски мерки против тероризам и ширење (распространување) на оружје за масовно уништување и негово финансирање

Во предлог законот се содржани прекршочните одредби со кои се предвидува изрекување на глоба за сторен прекршок од физичко или од правно лице, како и од одговорно лице во правно лице доколку не ја спроведе воведената рестриктивна мерка и не соработува со органите за спроведување на рестриктивни мерки или не го извести Координативното тело и доколку не ја прекине примената на рестриктивната мерка.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

-Со имплементацијата на предлог законот нема да настанат дополнителни трошоци за органите и институциите кои се задолжени да ги спроведуваат рестриктивните мерки (ресурсите за спроведување на одредбите од предлог законот се во рамки на буџетите на надлежните институции).

### *4.1 Економски влијанија*

-Нема

*4.2 Фискални влијанија*

-Нема

*4.3 Социјални влијанија*

-Нема

*4.4 Влијанија врз животната средина*

-Нема

*4.5 Административни влијанија и трошоци* – Нема

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Засегнатите страни (Секретаријат за законодавство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација се вклучени преку доставено писмено барање на мислење во однос на предлог законот и преку процесот на објавување на предлог законот на ЕНЕР.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Мислењата и забелешките од Секретаријат за законодавство се соодветно вградени во текстот на предлог законот, додека од останатите страни добиено е позитивно мислење.

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

-Нема

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија(опции)*

Со предлогот на Законот за рестриктивни мерки се уредува постапката за воведување, спроведување и престанок на важење во РМ на рестриктивните мерки, со што Република Македонија ги прифаќа најзначајните препораки на Комитетот на експерти за евалуација на мерките против перење пари и финансирање тероризам (MONEYVAL). Со предлог законот, Република Македонија ќе ја подобри правната рамка и процедурите во борбата против финансирање на тероризмот, во функција на извршување на меѓународно превземените обврски и ефикасна борба против тероризмот. Негативни влијанија како последица од предвидените решенија не се очекуваат.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

/

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Владата да го разгледа и усвои Предлогот на Законот за рестриктивни меркисо цел подобрување на правната рамка и процедурите во борбата против финансирање на тероризмот, во функција на извршување на меѓународно превземените обврски и ефикасна борба против тероризмот.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

По донесувањето на предлог законот ќе биде потребно да се направат соодветни измени во Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка со оглед дека во член 19 од предлог законот е предвидена обврска за Агенцијата за управување со одземен имот да управува со имотот опфатен со финансиска мерка согласно закон.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

По усвојувањето на предлог законот ќе треба да се донесат следните подзаконски акти:

- Подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на консолидираната листа и од член 21 на предлог законот;
- Подзакоснки акт за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на воведени рестриктивни мерки
- подзаконски акт за формата и содржината на евиденцијата за спроведени финансиски мерки вклучително и финансиски мерки против треоризам и пролиферација.

Наведените подзаконски акти предвидено е да се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на истиот.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

-Министерството за надворешни работи

- Министерството за внатрешни работи

-Агенцијата за разузнавање

-Јавното обвинителство

- Управата за финансиско разузнавање

- Министерството за одбрана

- Министерството за финансии

- Министерство за економија

- Министерство за  транспорт и врски

- Царинска управа

- Министерство за правда

- Министерство за информатичко општество и администрација

-Агенцијата за управување со одземен имот

- други органи определени со одлука на Владата на РМ.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Со цел обезбедување на ефикасно спорведување на предлог законот, се предвидува обука на инволвираните државни органи и институции за начинот на спроведување на секој од видовите на рестриктивни мерки.

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Во предлог законоте уреден начинот на следење на неговото спроведување, преку водење на евиденција на воведени и спроведени рестриктивни мерки и информирање на Владата за истото.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлоготна закон и рокови*

Ефектите од имплементацијата на предлог законот ќе се следат преку водење на евиденција за воведени и спроведени рестриктивни мерки, доставување на статистички податоци до Владата и оценка од страна на Комитетот на експерти за евалуација на мерките против перење пари и финансирање тероризам (MONEYVAL) во рамки на евалуациите кои ги спроведуваат над државите за степенот на имплементација на рестриктивните мерки (во декември 2017 и во рамки на 5-от круг на евалуација во 2019 година).

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 19.10.2017 ..........................................

**потпис на министерот**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ СКОПЈЕ